ЈОУ „ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА“
„КИРО КРСТЕСКИ - ПЛАТНИК“
Бр. 08-1006/1
20.12.21
ПРИЛЕП

Врз основа на членот 193 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на РСМ“ бр.104/19), а во врска со член 30, 31 и 32 од Статутот на ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески – Платник“ Прилеп, број 02-621/7 од 19.08.2019 година, директорот на ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески-Платник“ Прилеп, на ден 20.12.2021 објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

**за избор на членови на Совет на корисници на ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески – Платник“ Прилеп**

Кандидатите кои ќе аплицираат по јавниот повик за членови на Совет на корисници на ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески – Платник“ Прилеп, потребно е да ги исполнуваат следните услови:
- да е корисник на права или услуги од надлежност на установата;
- да е родител/старател на лице корисник на права или услуги од надлежноста на установата;
- да не е осудено со правосилна судска пресуда;
- да не му е одземено родителското право;
- да е државјанин на Република Северна Македонија;

Кон пријавата за јавниот повик, кандидатите потребно е да ги достават следните документи:
- потврда дека е корисник на право или услуга или потврда дека е родител или старател на лице корисник на права или услуги од надлежност на установата;
- потврда за неосудуваност;
- потврда дека не му е одземено родителското право;
- кратка биографија;
- мотивационо писмо;
- уверение за државјанство.

Кандидатите кои аплицираат по јавниот повик за избор на членови на Совет на корисници е потребно документацијата да ја достават до ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески – Платник“ Прилеп на ул. „Нада Ламеска“ бр. 1 Прилеп.
Јавниот оглас трае 8 (осум) работни дена од денот на објавувањето.

ЈОУ Дом за стари лица
„Киро Крстески-Платник“Прилеп
ВД Директор Благојче Стојаноски